Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 ноември 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година**

Седницата започна во 12:25часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда и Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија

и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 13-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 август 2024 година**

1. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и трета одлука)

2. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и четврта одлука)

3. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и шеста одлука)

4. Барање за итно изнаоѓање на решение за санација на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ – Велес

5. Информација за финансиска помош за намалување на обврските на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје кон ЕСМ Продажба и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје

6. Информација за потребата од раскинување на Договор за закуп на деловен простор ОДУ бр.37/24 од 6.2.2024 година поради материјални недостатоци, со прилози

7. Извештај за работата на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви-МАКОРА за 2023 година, со Предлог-одлука

8. Годишни извештаи и ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2023 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

9. Извештај за реализирана годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година, со дополнување

10. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1841, КО Гази Баба, Имотен лист бр.723)

11. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Шотева Нива“, Општина Петровец, со предлог - одлуки

12. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – базалт на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Зебрњак“, Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане

13. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Слоештица“, Општина Демир Хисар

14. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Рашанец“, Општина Охрид

15. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Бразда“, Општина Чучер Сандево

16. Предлог - решение за престанување на важењето на Решението за формирање Цивилно-воен комитет

17. Информација за прогресот на Проект за рехабилитација на река Сатеска и пренасочување во нејзиниот природен тек со мерки за имплементација

18. Информација за доставено Барање бр.11-953/1 од 6.2.2024 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт - импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со прилози

19. Информација за степенот на реализација на Проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Светска банка, со прилог

20. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

21. Информација во врска со Извештајот за конкурентност за 2024 година на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD)

22. Информација за активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за електронски надзор

23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

26. Информација за испорака на предлог минимум сајбер безбедносни стандарди за владините институции, како дел од проектот „Регионална сајбер безбедност во Западен Балкан", финансиран од Владата на Обединетото Кралство

27. Информација за напредокот и потребата од дополнително финансирање и продолжување на Проектот за унапредување на основното образование

28. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ТА - Изградба на основни училишта во Категорија 48 - Капитални расходи во Потпрограма ТВ - Изградба на училишни спортски сали во Категорија 48 - Капитални расходи во буџетот на Министерството за образование и наука за 2023 година

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Гоце Делчев"- Општина Аеродром, Скопје)

30. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје (систем за брзо одмрзнување на крвни продукти)

31. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје (електрични апарати, болнички кревет и тролеј)

32. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје (лапароскопски хирушки столб)

33. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје (медицинска опрема)

34. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје (хируршки аспиратори за мултидисциплинарна употреба)

35. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести - Скопје

36. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје

37. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје

38. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје

39. Извештај на Ректорот за работата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје за периодот мај 2023 година - април 2024 година

40. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.213/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 став 3 во делот „за државни службеници“ од Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/15, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18)

41. Иницијатива поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.207/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 107 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.92/21) и уставноста и законитоста на член 13, член 27 ставови 15 и 16, член 29 ставови 13, 14 и 38 од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објави Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15, 179/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/20, 274/21 и 30/22)

42. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.191/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 6 од Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 25/99, 49/00, 6/02, 31/03, 74/05, 123/12 и 166/14)

43. Иницијатива поднесена од адвокат Владимир Михајловски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.209/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 став 5 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23 и 170/24)

44. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 7245, за КО Сретеново, на КП бр. 1714, викано место/улица „Мрдаја“

45. Понуда од нотар Марија Атанасова од Гевгелија за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100494, за КО Нов Дојран, на КП бр.1134/1, викано место „Ќутура“

46. Кадровски прашања

47. Прашања и предлози

48. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за период од 1 јануари 2024 година до 31 март 2024 година

49. Извештај за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје, за период од 1.7.2023 година до 30.9.2023 година

50. Тримесечен извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, за период од јануари до март 2024 година

51. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.10.2023 година до 31.12.2023 година

52. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година

53. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година

54. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јули - декември 2023 година

55. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2023 година

56. Годишен извештај за работењето на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за 2023 година

57. Годишен извештај за Фондот за развој за 2023 година

58. Извештај за извршени инспекциски надзори над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање на концесија на риби за организирање на рекреативен и вршење на стопански риболов за периодот јули - декември 2023 година

59. Финансиски извештај за годината завршена на 31 декември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

60. Годишен извештај за ревизорска активност за 2023 година за Годишна акциска програма/план Акција 4 „ЕУ за модерни системи за отпадни води“ за 2022 година, во рамките на ИПА III, Годишно ревизорско мислење за 2023 година за Програмата за рурален развој (ИПАРД III) (2021-2027 година) и Годишно ревизорско мислење за 2023 година за Годишна акциска програма/план Акција 4 „ЕУ за модерни системи за отпадни води“ за 2022 година во рамките на ИПА III

61. Извештај за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година

62. Извештај од извршениот надзор на материјално - финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година

63. Извештај за работата на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, за периодот јануари - декември 2023 година

64. Информација за работењето на компензационите фондови од странска помош, со прилог извештаи за 2022 година, усвоени од Комисијата за менаџмент со компензационите фондови, на седницата, одржана на 25 декември 2023 година

65. Информација за статус на активности во врска со склучувањето на анекс на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Мост Карпош“, бр. 09-7413/1 од 8 јули 2021 година, согласно Извадок од Нацрт-записникот од Двесте и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 декември 2023 година и статус на активности во врска со реализација на Проектот

66. Информација за полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2023 година, за периодот јули – декември 2023 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по етничка определба

67. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за 2023 година

68. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во период од 1 јануари до 31 март 2024 година

69. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Clever Ferret 2024“, во Република Италија

70. Информација за подготовка на Дваесеттиот поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 28 ноември 2024 година, преку видео-конференциска врска, со прилози

71. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 16 октомври 2024 година до 22 октомври 2024 година

72. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 16 октомври 2024 година до 22 октомври 2024 година

73. Информација за набавка за „Одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси“

74. Информација за склучување на Партнерство за безбедност и одбрана помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Партнерство

75. Предлог - одлука за давање на трајно користење без надомест на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи

76. Информација за потпишување на Меморандум на разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт на Република Србија во областа на спортот, со усогласен текст на Меморандум

77. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија во деловната просторија во казино Фламинго - Охрид кој се наоѓа на ул. „Наум Охридски“ бр.10А Охрид

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 август 2024 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и трета одлука) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Скретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и четврта одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и шеста одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа Барањето за итно изнаоѓање на решение за санација на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ - Велес и по истото ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува управителот на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ - Велес да подготви ревизорски извештај и проценка на Друштвото од овластен ревизор и проценител.

2. Се задолжува управителот на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ – Велес да објави јавен повик за собирање на понуди за санација, односно план за реорганизација на Друштвото со цел зачувување на деловниот опфат.

3. Се задолжува управителот на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ – Велес да подготви и во рок од 10 дена да достави до Владата информација по добивањето на најповолна прифатлива понуда од претходно одржан состанок со доверителите кои имаат побарување од Друштвото, за прифаќање на најповолната понуда за понатамошно постапување на Владата како единствен сопственик и основач на Друштвото, по член 215 од Законот за стечај со планот за реорганизација.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиска помош за намалување на обврските на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје кон ЕСМ Продажба и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт во соработка со Министерството за финансии да ги предвидат и обезбедат средствата во износ од 125.000.000,00 денари во буџетот на Министерството за транспорт со претстојната одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници и фондовите, со интерна прераспределба во рамки на буџетот на Министерството за транспорт, а со цел спроведување на одредбите на член 9 од Законот за железнички систем.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од раскинување на Договор за закуп на деловен простор ОДУ бр.37/24 од 6.2.2024 година поради материјални недостатоци, со прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат договорните страни Република Северна Македонија преку Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката - Скопје и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони спогодбено да го раскинат Договорот за закуп на деловен простор ОДУ бр.37/24 од 6.2.2024 година.

2. Се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да направи поврат на депонираните парични средства согласно член 4 од Договорот за закуп на деловен простор од закупецот – депозит во износ од 7.180.568,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија на шест еднакви месечни рати.

**Точка 7**

Владата го разгледа Извештајот за работата на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви-МАКОРА за 2023 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работа на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви за 2023 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 8**

Владата ги разгледа Годишните извештаи и ревизорска активност и годишните ревизорски мислења за 2023 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ги усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерот за европски прашања и национален ИПА координатор, Министерството за финансии, односно националниот координатор за авторизација на шестмесечно ниво да ја информираат Владата за преземените мерки и активности предвидени во консолидираните акциски планови по програми за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во годишните извештаи за ревизорска активност за 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања до Владата да достави предлог за задржување на кадарот во ИПА структурите и органите на ИПА во Република Северна Македонија, најдоцна до декември 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за јавна администрација, во соработка со Министерството за финансии до Владата да предложат мерки за усвојување на политиката за задржување на кадарот во ИПА структурите и органите на ИПА во Република Северна Македонија во законски решенија најдоцна до јуни 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии, Оперативната структура одговорна за ИПА II во Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“- Скопје, за навремено објавување на тендери за поефикасна имплементација на ИПА II, со цел да не се губат средствата од ИПА, зголемување на апсорпцијата, како и за преземање на мерки за обезбедување на свесност кај крајните корисници за одржливост на проектите.

5. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој одговорна за ИПАРД II да преземе мерки за зајакнување на контролата и надзорот во процесот на авторизација на обврски и плаќања како и одржливоста на проектите со цел зголемување на ефектите и поефикасна имплементација на ИПАРД II средствата.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Извештајот за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година, со дополнувањето, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија да ја преиспита целата постапка во однос на точка 6 – Спроведување на интерна проверка и точка 7 - Преиспитување на раководството, кои се составен дел од Извештајот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1841, КО Гази Баба, Имотен лист бр.723).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Шотева Нива“, Општина Петровец, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - базалт на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Зебрњак“, Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Слоештица“, Општина Демир Хисар.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Рашанец“, Општина Охрид.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Градежното друштво Гранит АД Скопје на локалитетот „Бразда“, Општина Чучер Сандево.

## Точка 16

Владата го донесе Решението за престанување на важењето на Решението за формирање Цивилно-воен комитет (усогласено со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на Проектот за рехабилитација на река Сатеска и пренасочување во нејзиниот природен тек со мерки за имплементација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги преземе сите потребни активности за операционализација на Проектот и во рок не подолг од 60 дена да ја информира Владата.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, а им се препорачува на Општина Струга и Општина Дебарца во рок од десет дена да доставaт номинации на стручни лица од редот на научни и стручни лица од областа на управувањето на водите до Министерството за животна средина и просторно планирање, кои ќе учествуваат во подготовка на стандардната оперативна постапка за спроведување на активностите.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-953/1 од 6.2.2024 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со прилози, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 21.1.2024 година, по двата договора за обезбедување на државна гаранција бр.14-10754/2 од 24.6.2014 година и бр. 14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат – делница Кичево-Охрид“ и Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат – делница Миладиновци-Штип“, склучени помеѓу Експорт-импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од пет години,

со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.2.2029 година, на износ и под услови, како што е утврдено во оваа информација.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Светска банка, со прилог, ја усвои и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 30 ноември 2024 година, во консултации со Светска банка, да подготви и до Владата да достави информација за реструктуирање на компонентите и продолжување на крајниот рок за завршување на Проектот за модернизација на земјоделството, во рамките на средствата предвидени со потпишаниот заем помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за реконструкција и развој-Светска банка, бр.9037-МК.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за конкурентност за 2024 година на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд и Министерството за транспорт да разгледаат можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 5 (Претпријатија во државна сопственост) и за истото да ја информираат Владата, во рок од 30 дена.

2. Се задолжуваат Министерството за европски прашања во улога на НИПАК Секретаријат и Министерството за транспорт да разгледаат можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 10 (Транспортна политика), а особено планирањето и управувањето со транспортната инфраструктура и ажурирање на единствената листа на проекти за избор на приоритетни транспортни инфраструктурни проекти ( singl project pipline -SPP) и за истото да ја информираат Владата, во рок од 30 дена.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да разгледа можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 9 (Дигитално општество) и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука да разгледа можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 6 (Образование) и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да разгледа можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 12 (Животна средина) и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за електронски надзор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите да ги предвиди потребните буџетски средства за обезбедување на оперативност на системот за електронски надзор во тековната 2024 година и наредната 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите, во рок од десет дена да пристапи кон спроведување на јавна набавка со отворена постапка со цел да обезбеди оперативност на системот за електронски надзор.

## Точка 23

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници м-р Јулијана Боцевска Павковска, државен секретар во Министерството за локална самоуправа и Андриана Стојановска, државен советник во Министерството за локална самоуправа.

## Точка 24

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата предлагачот материјалот да го усогласи со Министерството за дигитална трансформација.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 25

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабрију, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за испорака на предлог минимум сајбер безбедносни стандарди за владините институции, како дел од проектот „Регионална сајбер безбедност во Западен Балкан“, финансиран од Владата на Обединетото Кралство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за дигитална трансформација и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, до Министерството за дигитална трансформација да достават номинација на член и заменик - член на работната група за тестирање на сајбер безбедносните стандарди во институциите.

2. Се задолжуваат Министерството за дигитална трансформација и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со проектот „Регионална сајбер безбедност во Западен Балкан“, да организираат напредна работилница во комбинација со симулирана вежба базирана на сценарио ТТХ за подигнување на свеста за сајбер заканите и управување со сајбер кризи, со членовите на Владата на Република Северна Македонија, во рок од шест месеци.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот и потребата од дополнително финансирање и продолжување на Проектот за унапредување на основното образование, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за образование и наука, во рок од пет дена да подготви и достави барање до Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) за обезбедување на дополнително финансирање во износ од 15 милиони евра во рамки на Заемот бр.9182-МК и продолжување на крајниот рок за имплементација на Проектот за унапредување на основното образование за 28 месеци, односно до 30 јуни 2028 година.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ТА - Изградба на основни училишта во Категорија 48 - Капитални расходи во Потпрограма ТВ - Изградба на училишни спортски сали во Категорија 48 - Капитални расходи во буџетот на Министерството за образование и наука за 2023 година.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“- Општина Аеродром, Скопје).

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје (систем за брзо одмрзнување на крвни продукти).

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје (електрични апарати, болнички кревет и тролеј).

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје (лапароскопски хирушки столб).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје (медицинска опрема).

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија–Скопје (хирушки аспиратори за мултидисциплинарна употреба).

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести - Скопје.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје.

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за период од мај 2023 година до април 2024 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за период од мај 2023 година до април 2024 година, не е изготвен согласно Правилникот за содржината и формата на извештајот за работата на Ректорот.

Во однос на точка 7. Финансиски извештаи за спроведени активности, потребно е коригирање на истиот согласно податоците од трезорската евиденција.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење, со укажување за постапување по дадените забелешки.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.213/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 став (3) во делот „за државни службеници“ од Законот за санитарната и здравствената инспекција

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/15, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18) и притоа го утврди следново мислење: Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 8 став (3) во делот „за државни службеници“ од Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/15, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18), кој гласи: „Инспекторите ги назначува министерот за здравство во согласност со одредбите од Законот за државните службеници“.

Според подносителот на Иницијативата, согласно член 112 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14), со денот на отпочнување на примената на овој Закон престанува да важи Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 82/13 и 106/13).

Согласно претходното, подносителот смета дека не може да се примени бидејќи упатува на норма која не е повеќе дел од правниот промет.

Во конкретниот случај, станува збор за очигледна техничка грешка, бидејќи со престанокот на важноста на Законот за државните службеници предметната материја е регулирана со Законот за административни службеници, така што оваа грешка не е од влијание во однос на правната сигурност на граѓаните, односно не може да предизвика забуна во однос на правилна примена на одредбите од оспорениот закон.

Со оглед на претходното произлегува дека наводите од Инцијативата се сведуваат на барање за постапување кое е во надлежност на законодавецот, а не на Уставниот суд на Република Северна Македонија, бидејќи законодавецот е орган кој има надлежност да ги креира прописите, да ги менува и дополнува, а воедно и да врши технички исправки, измени и дополнувања на прописите што ги донесува.

Имајќи го предвид горенаведеното, член 8 став (3) во делот „за државни службеници“ од Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/15, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.213/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 став (3) во делот „за државни службеници“ од Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/15, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18).

## Точка 41

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.207/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 107 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.92/21) и уставноста и законитоста на член 13, член 27 ставови 15 и 16, член 29 ставови 13, 14 и 38 од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објави Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15, 179/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/20, 274/21 и 30/22) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на членот 107 став (2) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.92/21) и уставноста и законитоста на член 13, член 28 ставови 15 и 16, член 29 ставови 13, 14 и 38 од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објави Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15, 179/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/20, 274/21 и 30/22), дека не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 7, членови 51, 55 и член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/14) ги уредува условите и начинот на обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги во Република Македонија.

Член 3 став 1 точка 1. Електронска комуникациска мрежа е преносен систем и таму каде што е применливо и комутациска или насочувачка опрема и други средства вклучително мрежни елементи што не се активни, а коишто овозможуваат пренос на сигнали преку жичени, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, доколку се користат за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат.

Член 3 став 1 точка 4. Јавна електронска комуникациска мрежа е електронска комуникациска мрежа која целосно или поголемиот дел од неа се користи за

обезбедување на електронски комуникациски услуги достапни на јавноста и кои го поддржуваат преносот на информации меѓу мрежни завршни точки.

Член 3 став 1 точка 6. Јавна електронска комуникациска услуга е електронска комуникациска услуга достапна на јавноста.

Член 3 став 1 точка 34. Корисник е физичко или правно лице кое користи или бара јавна електронска комуникациска услуга, а во смисла на одредбите од Главата осумнаесетта од овој закон, корисник е физичко лице кое користи јавна електронска комуникациска услуга, за приватни или деловни цели, при што не мора да биде претплатено за тие услуги.

Член 3 став 1 точка 35. Краен корисник е корисник кој нема јавна комуникациска мрежа или не обезбедува јавна комуникациска услуга.

Член 3 став 1 точка 36. Потрошувач е физичко лице кое користи или бара јавна електронска комуникациска услуга за цели кои не се поврзани со неговата дејност или професија.

Во член 4 е утврдено дека за работите од областа на електронските комуникации утврдени со овој закон, се надлежни:
- министерството надлежно за работите од областа на електронските комуникации (Министерство за дигитална трансформација) и
- Агенцијата за електронски комуникации.

Во член 5 е утврдено дека Министерството надлежно за работите од областа на електронските комуникации:

- ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа на електронските комуникации,
- дава иницијатива за донесување на прописи или изменување на постојните прописи и/или изготвува прописи од областа на електронските комуникации во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, со други државни органи и со други институции,
- ги врши работите во врска со развојот на електронските комуникации во насока на развој на информатичкото општество и
- врши усогласување со други прописи кои, меѓу другото, уредуваат и прашања поврзани со развојот на електронските комуникации.

(2) Министерот надлежен за електронските комуникации:
- подготвува стратешки документи во областа на електронските комуникации и организира јавни расправи по истите,
- го промовира развојот на конкуренцијата во областа на електронските комуникации и зголемувањето на достапноста и користењето на електронските комуникациски услуги,
- ги координира и усогласува работите од областа на електронските комуникации,

- дава согласност на одлуката за распишување на јавен тендер за избор на давател на универзална услуга,
- соработува со министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи во врска со прашања од областа на електронските комуникации што се однесуваат на одбраната и безбедноста,
- ја координира работата со министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи во врска со користењето на радиофреквенциите за целите на одбраната и безбедноста, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации,
- го промовира значењето и дава препораки за развојот на мрежната и информациската безбедност;
- ги врши работите утврдени со овој и друг закон и прописите донесени врз основа на нив во врска со работата на јавните електронски комуникациски мрежи во услови на воена и вонредна состојба и обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги во такви услови и
- ја претставува Република Македонија во меѓународните организации во областа на електронските комуникации и преговара и потпишува билатерални и меѓународни спогодби во областа на електронските комуникации во име на Владата на Република Македонија.

Агенцијата за електронски комуникации е самостојно, непрофитно регулаторно тело на пазарите за електронски комуникации во Република Македонија и има статус на правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон.

Агенцијата поттикнува конкуренција во обезбедувањето на јавни електронски комуникациски мрежи, јавни електронски комуникациски услуги и придружните средства и услуги, ги промовира интересите на граѓаните, придонесува за развојот на европскиот пазар, ги применува регулаторните начела за објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност.

Во Глава осма, Услови за обезбедување на електронски комуникациски мрежи и/или услуги, е утврдено дека правните и физичките лица кои обезбедуваат јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, како и придружни средства се должни да ги исполнуваат условите предвидени со овој и друг закон и прописите донесени врз основа на нив, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија и да не ги загрозуваат јавниот ред, животот и здравјето на луѓето, јавната безбедност и одбраната на земјата. Во истата глава е утврдена постапката за нотификација за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, односно да гради, работи и управува со јавна електронска комуникациска мрежа или да овозможи достапност на истата, согласно со овој закон.

Главата деветта, Изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, ги утврдува прописите, стандардите и/или техничките спецификации, планирањето, проектирањето, градењето и одржувањето на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства, планирањето, проектирањето, градењето на деловни или станбени згради со физичка инфраструктура за обезбедување на електронски комуникациски мрежи за пренос со големи брзини.

Во Глава тринаесетта, Права на крајните корисници, во член 107 законодавецот утврдил дека:

(1) Потрошувач или краен корисник кој бара приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги има право да склучи договор со оператор за приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги. Договорот кој треба да биде во јасна, сеопфатна и лесно достапна форма, особено треба да содржи:

а) името и адресата на операторот;
б) услугите што ќе се обезбедуваат, вклучувајќи особено:
- информации за тоа дали се обезбедува услугата за пристап до служби за итни повици и информации за локацијата на лицето кое го врши повикот, како и сите ограничувања за обезбедување на услугата за пристап до служби за итни повици во согласност со овој закон,
- информации за сите други услови кои го ограничуваат пристапот и/или користењето на услуги и апликации, во согласност со овој и друг закон,
- информации за минималното ниво на квалитет на услугата која се обезбедува, особено рокот за почетно приклучување и кога е соодветно, други параметри за квалитетот на услугата во согласност со членот 109 од овој закон,
- информации за кои било процедури утврдени од операторот за мерење и обликување на сообраќајот со цел да се избегне оптоварување или преоптоварување на мрежната поврзаност, како и информации за тоа како овие процедури би влијаеле на квалитетот на услугата,
- видовите на услуги за одржување и предвидени услуги за поддршка на корисници, како и начините за воспоставување контакт со овие услуги и
- сите ограничувања наметнати од операторот во однос на користење на терминалната опрема;
в) можност за претплатниците да се изјаснат за вклучување на нивните лични
податоци и кои од нив ќе бидат вклучени во телефонски именици и телефонски служби за информации , согласно со членот 112 од овој закон;
г) информации за цените и тарифите, начинот на добивање на најнови информации за сите важечки тарифи и надоместоци за одржување, како и можните начини за плаќање, вклучително и за сите разлики во трошоците што произлегуваат од можните начини на плаќање;
д) времетраење на договорот од ставот (1) на овој член и услови за обновување и прекин на услугите и на договорот, вклучително:
- минимален рок на користење на услуги под промотивни услови утврдени со посебни понуди,
- сите давачки поврзани со преносливост на броеви и други идентификатори и
- сите давачки кои произлегуваат од раскинување на договорот од ставот (1) на овој член, вклучувајќи враќање на трошоци во однос на терминалната опрема;
ѓ) сите начини на компензација и враќање на парични средства во случај на неисполнување на договореното ниво на квалитет на обезбедената услуга;
е) постапка за решавање на приговор согласно со членот 53 од овој закон;

ж) сите видови на активности кои операторот може да ги преземе со цел да ја зачува неговата безбедност или интегритет како одговор на инциденти, закани и повреди, согласно со овој закон;
з) начин на информирање на претплатниците за планираните измени во условите наведени во договорот од ставот (1) на овој член и начинот на прифаќање на новите услови за продолжување или раскинување на договорот;
ѕ) постапки во случај на неплаќање или ненавремено плаќање на надоместокот за услугите;
и) информации посебно наменети за лица со инвалидитет и
ј) други одредби во договор со претплатникот.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член треба да содржи и одредби дека претплатникот мора да биде информиран за сите предложени измени во условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени. Формата и начинот на информирањето на претплатниците го утврдува Агенцијата со подзаконскиот акт од членот 108 став (2) од овој закон.

(3) Доколку операторот не постапи во согласност со ставот (2) на овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во договорот од ставот (1) на овој член.

(4) Договорот од ставот (1) на овој член треба да содржи и одредби дека операторот ќе му доставува на претплатникот информации кои може да бидат обезбедени од соодветните јавни органи согласно со членот 108 став (4) од овој закон.

(5) Операторите можат да ги добијат следниве податоци од нивните претплатници:
- име или назив на претплатникот,
- матичен број за физички лица и даночен и регистарски број за правни лица,
- дејност на претплатникот,
- адреса на претплатникот,
- претплатнички број,
- академска титула или професија и
- врз основа на плаќање, дополнителни податоци, под услов тоа да не ги загрозува правата на трети лица.

(6) Податоците наведени во ставот (5) на овој член можат да се користат само за:
- склучување, надзор и престанок на претплатничките договори,
- наплата на услугите,
- подготовка и издавање на телефонски именици согласно овој закон и
- други цели согласно со овој закон, а врз основа на добиена согласност од претплатникот.

(7) При раскинување на договорот од ставот (1) на овој член, податоците наведени во ставот (5) на овој член се чуваат за период од една година од денот на издавањето на последната сметка на претплатникот за обезбедените услуги.

(8) Операторите се должни да водат евиденција за сите воспоставени претплатнички односи (postpaid и prepaid) која особено треба да содржи податоци за име, презиме и адреса, а за правното лице назив и седиште на правното лице и матичен број или број на патна исправа, а за правното лице даночен број на правното лице. Податоците наведени во евиденцијата за сите воспоставени претплатнички односи (postpaid и prepaid) се чуваат во рокот утврден во ставот (7) на овој член.

(9) Почетниот договор од ставот (1) на овој член, доколку се склучува на определено задолжително време истото не смее да биде подолго од 24 месеци. Во секој случај на претплатникот мора да му се даде можност за склучување на договор со времетраење не подолго од 12 месеци.

(10) Одредбите од ставот (9) на овој член не смеат да претставуваат ограничување или пречка за претплатникот во случај кога тој бара пренесување на бројот во мрежата на друг оператор.

Во делот Транспарентност и објавување на информации, во член 108, законодавецот утврдил дека:

(1) Операторите се должни да објавуваат транспарентни, споредливи, соодветни и ажурирани информации за применливите цени и тарифи, за сите надоместоци во случај на раскинување на договорот од членот 107 став (1) од овој закон, како и информации за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги што ги обезбедуваат. Таквите информации се објавуваат во јасна, разбирлива и лесно достапна форма.

(2) Агенцијата со подзаконски акт подетално ги пропишува видот и содржината на податоците од ставот (1) на овој член кои операторите се должни да ги објават.

(3) Подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член особено треба да содржи:
- информации за применливите тарифи за броеви од Планот за нумерација или услуги со додадена вредност согласно со членот 113 од овој закон,
- информации за секоја промена во однос на пристапот до службите за итни повици или информации за локацијата на лицето кое го врши повикот, во врска со услугата за која е склучен договорот од членот 107 став (1) од овој закон,
- информации за секоја промена на условите кои го ограничуваат пристапот и/или користењето на услуги и апликации, согласно со закон,
- информации за кои било процедури утврдени од операторот за мерење и обликување на сообраќајот со цел да се избегне оптоварување или преоптоварување на мрежната поврзаност, како и информации за тоа како овие процедури би влијаеле на квалитетот на услугата,
- информации за претплатниците нивните лични податоци да бидат вклучени во телефонски именици и телефонски служби за информации и

- редовни информации за претплатниците со инвалидитет за производите и услугите наменети за нив.

(4) Подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член треба да содржи и информации кои операторите им ги доставуваат на своите претплатници преку истите средства како оние кои вообичаено се користат за комуникација со претплатниците, а кои може да бидат обезбедени од соодветните јавни органи во стандардизирана форма и се однесуваат на:
- најчесто употребувани начини на користење на електронски комуникациски услуги за извршување на незаконски активности или ширење на штетна содржина, особено кога тоа може да влијае на правата и слободите на други лица, вклучувајќи кршење на авторското право и сродните права и правните последици од нив и
- начини за заштита од ризици по личната безбедност, приватноста и личните податоци при користењето на електронски комуникациски услуги.

(5) Агенцијата на својата веб страница објавува споредливи информации со кои ќе им овозможи на крајните корисници и потрошувачите да направат самостојна процена за слободен избор на комуникациски услуги врз основа на квалитетот и цените на услугите.

(6) Во подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член се утврдува и видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата согласно со ставот (5) на овој член.

(7) Достапноста до податоците од ставовите (1) и (5) на овој член и нивното користење е бесплатно и слободно за јавноста.

Темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е слободата на пазарот и претприемништвото (член 8 став 1 аленија 7 од Уставот).

Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите (член 51 од Уставот).

Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето (член 55 од Уставот).

Законот за електронски комуникации претставува усогласување со регулаторната рамка на Европската Унија во доменот на електронските комуникации, односно со регулаторниот пакет, кој воедно содржи: Директива 2002/20/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 7 март 2002 година за авторизација на мрежите за електронска комуникација и услуги (Директива за авторизација), Директива 2002/19/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 7 март 2002 година за пристап до и поврзување на мрежите за електронска комуникација и други слични средства

(Директива за пристап), Директива 2002/22/ЕЗ на Европскиот парламет и на Советот од 7 март 2002 година за општи услуги и правата на корисниците во врска со мрежи за електронска комуникација и услуги (Директива за универзална услуга), Директива 2002/58/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 12 јули 2002 година во врска со обработката на личните податоци и заштитата на приватноста во секторот на електронската комуникација (Директива за приватноста и електронските комуникации).

Истиот беше донесен во транспарентен и инклузивен процес, во кој беа вклучени сите засегнати страни, вклучително и граѓански здруженија.

Во Глава тринаесетта законодавецот во членовите 107 и 108 го утврдил основот за правото на потрошувачот како краен корисник да склучи договор со операторот за приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги. Ја утврдил содржината на договорот и услугите кои ќе се обезбедат како составен дел на самиот договор. Во ставот (2) од членот 107 кој е оспорен од подносителот на Иницијативата е утврдено дека договорот кој потрошувачот или крајниот корисник има право да го склучи со оператор за приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги, треба да содржи и одредби дека претплатникот мора да биде информиран за сите предложени измени за условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.

Оспорената законска одредба утврдила дека претплатникот мора да биде информиран за сите предложени измени во условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени, која е во согласност со уставните принципи за заштита на правата на граѓаните на државата, како и со меѓународните стандарди кои ги регулираат облигационите односи помеѓу потрошувачите и давателите на услуги. Се нагласува дека со законската одредба се овозможува право на потрошувачите да бидат навремено информирани и да имаат можност за раскинување на договорот без последици доколку не се согласуваат со измените.

Согласно наведеното, се смета дека делот од Иницијативата поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.207/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 107 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.92/21) е неоснован и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на делот на Иницијативата со кој се бара поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 13, член 27 ставови 15 и 16, член 29 ставови 13, 14 и 38 од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објави Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15, 179/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/20, 274/21 и 30/22), Владата на Република Северна Македонија во прилог ви го доставува Мислењето на Агенцијата за електронски комуникации.

## Точка 42

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.191/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 6 од Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 25/99, 49/00, 6/02, 31/03, 74/05, 123/12 и 166/14) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива се бара оценување на уставноста во делот:

-„начинот“ од членот 9 став 6 од Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 25/99, 49/00, 6/00, 31/03, 74/05, 123/12 и 166/14).

Забелешката се однесува на тоа дека во член 9 став 6 од Законот, кој гласи:

„(6) Начинот и постапката за продажба на државен капитал во случаите од ставот (5) од овој закон поблиску ќе бидат уредени со прописот од член 12 од овој закон“, стои зборот „начин“, кој пак не е содржан во член 12, односно во: „Постапката за продажба на акциите, односно уделите, поблиску ги пропишува Владата на Република Македонија“, а се однесува на подзаконскиот акт Уредба за постапката за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/03, 41/04, 89/05, 69/10, 154/12 и 47/15).

Се укажува дека, иако постои техничка неусогласеност со двата члена во наведениот поим, наводите на подносителот за тоа дека со подзаконски акт се пропишува начинот за продажба на државен капитал: „со што се овозможува арбитрерно и без било какви параметри во законот, да се пропишува „начинот“ или „начините“ на кој ќе се врши продажбата на државниот капитал, а кое нешто не е во согласност со владеењето на правото пропишано со членот 8 став 1 алинеа 3 од Уставот“, се неосновани со оглед дека предметниот став (6) од членот 9, се однесува на случаите од ставот (5), (односно на приватизација на државен капитал во претпријатија, банки или финансиски институции кои имаат регистрирано седиште надвор од Република Македонија) каде продажбата се врши по процедури согласно со законодавството на државата во која е регистрирано седиштето на истото.

Односно, начинот на самата продажба е определен од соодветните законодавства во кои овие правни субјекти имаат седиште.

Исто така, се укажува дека во ставот (1) на предметниот член 9 од Законот за приватизација на државниот капитал дадено е упатување на соодветна примена на одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, што дополнително го регулира она што не е регулурано со предметниот Закон за приватизација на државниот капитал.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 9 став 6 од Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија" бр.37/96, 25/99, 49/00, 6/02, 31/03, 74/05, 123/12 и 166/14).

## Точка 43

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Владимир Михајловски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.209/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 став 5 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23 и 170/24) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со Иницијативата за оценување на уставноста на одредбите од член 40 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23 и 170/24) при што од страна на поднесувачот адвокат Владимир Михајловски, се наведува дека со одредбата од оспорениот член не може и не смее да се ограничува правото да се учествува во постапка за доделување на дивеч во ловиштето за користење од следните причини: Согласно Уставот на Република Северна Македонија член 9, член 15, член 50, член 51 оспорената одредбата од член 40 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*), не може да претставува со закон предвидена пречка за остварување на права.

Во врска со наводите истакнати во Иницијативата се укажува на следното:

Законот за дивечот и ловството (*) е влезен во сила кон крајот на 2023 година, а во предходната постапка, во истата година, во фаза на произнесување и усогласување со другите институции како и одржана јавна расправа со заинтересирани страни (ловечки друштва, концесионери, граѓани, невладини организации и други не се произнеле негативно по однос на наведените оспорени одредби од Законот за дивечот и ловството (*).

Наведената оспорена одредба од член 40 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*) гласи:

(5) Право на учество за доделување на дивечот во ловиштето на користење немаат правни лица и управители на субјекти на кои во претходниот стопански период им

било одземено правото за користење на дивечот во ловиштето или концесија по основ на едностран раскин на договорот или со извршна судска одлука.

Во непосредна врска со горенаведената оспорена одредба е одредбата од член 45 ставови (1) и (2) кои гласат:

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може еднострано да го раскине договорот за користење на дивечот во ловиштето во случаите на неспроведување на овој закон, посебната ловностопанска основа и договорот за користење на дивечот во ловиштето, а по претходен предлог на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

(2) Корисникот на дивечот во ловиштето може да побара спогодбен раскин на договорот, за што поднесува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставност на одредбата од член 40 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*) очигледно незадоволен од наведената одредба со која се ограничува правото за учество на јавен повик на правни лица и управители на субјекти на кои во претходниот стопански период им било одземено правото за користење на дивечот во ловиштето или концесија по основ на едностран раскин на договорот или со извршна судска одлука, подносителот наведува дека во членот 30 од Законот за дивечот и ловството каде се пропишуваат условите кои треба да се исполнат од страна на правното лице – понудувач не е поставен услов во претходниот стопански период на правното лице да не му било одземено правото за користење на дивечот по основ на едностран раскин на договорот или со извршна судска одлука.

Во условите пропишани во членот 39 од Законот за дивечот и ловството (*) не може да стои услов како што наведува подносителот, од причина што не се работи за услов туку за ограничување на право и поради потребата да се нагласи посебно, ограничувањето на правото на учество е издвоено во посебен став (5) од одредбата од членот 40.

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставност на одредбата од член 40 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*) наведува дека едностраниот раскин на договор од страна на една договорна страна во конкретниот случај министерството, не може и не смее да претставува ограничувачки услов за остварување на правото да се учествува во постапката за доделување на дивечот во ловиштата на користење и дека се горенаведено е во спротивност со членот 15 и членот 50 од Уставот.

Одредбата од член 40 став (5) со која се ограничува правото за учество во постапка за доделување на дивечот на користење на оние правни лица или управител кај кои е извршено еднострано раскинување на договор за користење на дивечот е во тесна врска со член 45 ставови (1) и (2) во кои е наведено дека министерството може еднострано да го раскине договорот за користење на дивечот во ловиштето во случаите на неспроведување на овој закон, посебната ловностопанска основа и

договорот за користење на дивечот во ловиштето, а по претходен предлог на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

Еднострано раскинување на договорот е механизам предвиден во случаи на неспроведување на законот, посебната ловностопанска основа и договорот за користење на дивечот во ловиштето, а тоа значи прекршување на основните принципи на одгледување, заштита на дивечот и одржување на природната рамнотежа на дивите видови како и нанесување на штета по дивечот и вкупно по животинскиот свет и природата.

Согласно Уставот на Република Северна Македонија член 55 стои дека слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Од горенаведените причини постои членот 40 став (5), каде се ограничува правото на учество на јавен повик од страна на оние правни субјекти или управители кај кои е констатирано неспроведување на закон, посебна ловностопанска основа и договорот со сите горенаведени штетни последици, а за кои е извршено еднострано раскинување на договорот или е донесена извршна судска одлука.

Наводите дека оспорената одредба од членот 40 став (5) е во спротивност со членовите 9, 15, 50, и 51 од Уставот во Иницијативата ниту е образложено на кој начин оспорената одредба ги прекршува наведените членови од Уставот, ниту пак истите се однесуваат за оспорената одредба од членот 40 став (5).

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот за дивечот и ловството (*).

## Точка 44

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 7245, за КО Сретеново, на КП бр. 1714, викано место/улица „Мрдаја“ и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Атанасова од Гевгелија за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100494, за КО Нов Дојран, на КП бр.1134/1, викано место „Ќутура“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 46

1. Владата го разреши Сабедин Садики, од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија - претставник од стручниот орган.

2. Владата го именува Аљтин Идризи, за член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија - претставник од стручниот орган.

3. Владата го разреши Малиќ Шемшедини, од должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, на негово барање.

4. Владата го именува Иванчо Тошевски за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер – Битола.

5. Владата го разреши Науаф Баара, од должноста директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија.

6. Владата го именува Ивица Андов за вршител на должноста директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, ги разреши:

-Нита Хајрулаи,
-Лаура Ајдини и
-Сузана Пенева.

8. Владата за членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на предлог на министерот за финансии, ги именува:

-Сузана Пенева,
-Тања Трипунова Костова и
-Маре Срезовска.

9. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, од должноста членови на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, да ги разреши:

- Сулејман Ахмеди, професионално ангажиран член со полно работно време, на негово барање,
- Александра Кокароска, непрофесионално ангажиран член, на нејзино барање и
- Игор Ивановски, непрофесионално ангажиран член.

10. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, од должноста член на Регулаторната комисија за домување, да го разреши Ќемаљ Ќамили.

11. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), ги разреши:

- Аријета Рамадани и
- Димитар Манчев.

12. Владата за членови на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), ги именува:

- Кети Костовска, на предлог на министерот за образование и наука и
- Мирослав Гроздановски, на предлог на министерот за дигитална трансформација.

13. Владата на Хилда Серафимовска ѝ утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, за подрачје Куманово, поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 20.12.2024 година.

14. Владата ја разреши Ирена Петковски, од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје.

15. Владата ја именува Јасмина Вукиќевиќ за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, претставник од Министерството за финансии.

16. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, ги разреши:

- Фросина Арнаудова Дезуловиќ,
- Дејан Николовски,
- Ангелина Бачановиќ,
- Тања Дејаноска,
- Љубиша Каранфиловски,
- Димитар Димитриевски и
- дипл. фарм. спец. Маја Ковачева, на нејзино барање.

17. Владата за членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, ги именува:

- Бесник Хамити, претставник од Министерството за здравство,
- Ирена Петковски, претставник од Министерството за финансии,
- Маја Чемериќ Велковска, претставник од Организацијата на потрошувачите,
- Бранко Азески, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија,

- Димитар Димитриевски, претставник од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и
- проф. д-р Калина Гривчева Старделова, претставник од Фармацевтска комора на Македонија.

18. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Државно училиште за физичка култура „Методија Митевски - Брицо“ – Скопје, ги разреши:

- Розалија Ангеловска,
- Димитар Ѓорѓиев и
- Давид Ѓеровски.

19. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Државно училиште за физичка култура „Методија Митевски - Брицо“ – Скопје, ги именува:

- Зора Ѓучиновска Галевска,
- Зорица Паневска и
- Маја Наумовска Бабунски.

20. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Спортска академија, ги разреши:

- Лулзим Вранези, поради истек на мандат
- Јорданчо Давидков и
- Шабан Сејди.

21. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште Спортска академија, ги именува:

- Ана Ѓорѓиева,
- Суфјан Исмаили и
- Горан Славков.

22. Владата го разреши Антонио Павловски, од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ – Скопје.

23. Владата за членови на Училишниот одбор - претставници на основачот на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ – Скопје, ги именува:

- Елена Радевска,
- Јордан Наков и
- Наташа Самарска Миланова.

24. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“, Скопје, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Никола Рупев,
- Михаил Арсовски и
- Душан Стојановски.

25. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“, Скопје, ги именува:

- Крстена Јовановска,
- Христина Велковска Величковска и
- Анкица Младеновска.

26. Владата го разреши Митко Аџикотарев, од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државното средно училиште Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“, Скопје, на негово барање.

27. Владата ја именува Виолета Тримчевска Ивановска за член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државното средно училиште Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“, Скопје.

**Точка 47**

1. Владата на Република Северна Македонија по повод одбележувањето на празникот 13 Ноември – Ден на ослободување на Скопје, ги донесе следните заклучоци:

1) Определи делегација во следниот состав:

- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа,
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација,
- доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања,

која да присуствува на положување цвеќе во Скопје на 13 ноември 2024 година на следните локации:

- Партизански гробишта во Бутел, во 11 часот;
- Алеја на заслужните граѓани на гробот на генерал Михајло Апостолски на гробиштата во Бутел, во 11:30 часот;
- Споменик на ослободителите на Скопје пред Владата на Република Северна Македонија, во 12:30 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото

положување на цвеќе и да обезбеди превоз за Делегацијата на 13 ноември 2024 година.

**2.** Владата по повод учеството на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, заклучи да ги назначи:

-за директор на павилјонот „Експо 2025, Осака" – Трајче Рушев, од Министерството за надворешна работа и надворешна трговија
- за заменик - директор на павилјонот „Експо 2025, Осака" – Маја Петровска, од Министерството за надворешна работа и надворешна трговија
-за промотер/куратор на павилјонот „Експо 2025, Осака" – Гоце Тикваровски, од Министерството за култура и туризам и
- за промотер/куратор на павилјонот „Експо 2025, Осака" –Зоран Петровски, од Министерството за култура и туризам

Истовремено, се задолжува Министерството за култура и туризам да подготви и на некоја од наредните седници на Владата да достави Предлог културна програма за претставување на Република Северна Македонија на „Експо 2025, Осака" за претставување на Национален ден 1 мај 2025 година и Специјален ден 8 септември 2025 година.

**3.** Владата по повод одржување на меѓувладина седница помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово, која ќе се одржи на 18 ноември 2024 година во Приштина, заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да го обезбеди превозот на релација Скопје – Приштина – Скопје на официјалната делегација и останатите претставници од Владата, а заради одржување на меѓувладина седница помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово која ќе се одржи на 18 ноември 2024 година.

2) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија и Медиумската информативна агенција да присуствуваат и известуваат за настаните поврзани со меѓувладината седница помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово, која ќе се одржи на 18 ноември 2024 година во Приштина.

**4.** Владата, по предлогот на Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, а во врска со обезбедување на средства во износ од 10.000.000 денари преку посебна програма за финансирање на програмските активности на граѓанскиот сектор во областа на владеењето на правото, доброто владеење и борбата против корупцијата, заклучи да се разгледа можноста финансиските средства да се обезбедат во рамките на проекциите на расходи за наредната фискална година, за оваа намена.

**5.** Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски ги информираше членовите на Владата дека согласно Законот за рибарство и

аквакултура, Министерството е подготвено во наредниот период да објави повици за доделување на концесија за рекреативен и стопански риболов во рекреативни, односно риболовни зони на езерата и акумулациите.

**6.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од 15 дена, да подготви и до Владата да достави извештај за степенот на почитување на Законот за Националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија, донесен во 2014 година, со конкретни податоци во кој степен ги почитува и исполнува обврските кои произлегуваат од истиот.

2) Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 15 дена, да подготви и до Владата да достави информација со листа на институции членки во НИПП, со цел Владата да ги задолжи да доставаат информации за степен на реализација и имплементација на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија и подзаконските акти.

**7.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за финансии, преку дијалог со Светска банка, да ја испита потребата од постоење на проектни единици во рамки на државните органи за целите на реализација на проекти финансирани од Светска банка и за истото да ја информира Владата.

2) Се задолжува Министерството за финансии, до Владата да достави информација за примената на посебните правила за јавни набавки при проекти финансирани од Светска банка, споредбено со правилата за спроведување на јавните набавки, согласно Законот за јавни набавки.

**8.** Министерот за финансии м-р Гордана Димитриеска – Кочоска ги информираше членовите на Владата за дописот од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, а се однесува за постоечките кредитни линии кај кои има субвенционирање на каматата.

**9.** Владата по Барањето за изменување на Заклучокот бр.2 од точка 55: „ Извештај за завршени преговори за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија, со усогласен текст на Договор“ од Сто триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2023 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се определува Зоран Љутков, министер за култура и туризам, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија“.

**10.** Владата по Барањето од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ бр.03-315/1 од 15.7.2024 година, останува на претходно донесените заклучоци наведени во точка бр.8 – прашања и предлози од Извадокот од Нацрт-записникот од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2024 година и точка 28 – прашања и предлози од Извадокот од Нацрт-записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година, како и Известувањето на Министерството за финансии, со архивски бр.02-6650/2 од 23 јули 2024 година

**11.** Владата го разгледа Известувањето за усогласување на законите поради дигитализација на процесите, го прифати и заклучи сите министерства новите предлози на закони кога ќе ги достават во редовна владина постапка, задолжително истите да ги достават и до Министерството за дигитална трансформација на мислење, со цел да се обезбеди едноставност, конзистентност и евиденција при измените на законите.

**12.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на Пресеанс листа на Република Северна Македонија.

**13.** Владата по повод Информацијата во врска со номинирање на национален координатор за имплементација на стратегијата за Роми 2022-2030 и национална контакт - точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020-2030, формирање на национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и Предлог за ревидирање и измена на Стратегијата за инклузија на Ромите 2020-2030, заклучи до одржување на наредната седница на Владата, да се одржи координативен состанок во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на кој да присуствуваат министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

**14.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Љупчо Димовски ги информираше членовите на Владата за започнатата постапка за разгледување на Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во Собранието на Република Северна Македонија.

<u>Точка 48</u>

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за период од 1 јануари 2024 година до 31 март 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје, за период од 1.7.2023 година до 30.9.2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во однос на потребата за навремено доставување на извештаите за финансиско работење.

**Точка 50**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје за период од јануари до март 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 51**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1.10.2023 до 31.12.2023, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 52**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 53**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 54**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јули – декември 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Годишниот извештај за Фондот за развој за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Извештајот за извршени инспекциски надзори над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање на концесија на риби за организирање на рекреативен и вршење на стопански риболов за периодот јули - декември 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за годината завршена на 31 декември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Годишниот извештај за ревизорска активност за 2023 година за Годишна акциска програма/план Акција 4 „ЕУ за модерни системи за отпадни води“ за 2022 година, во рамките на ИПА III, Годишното ревизорско мислење за 2023 година за Програмата за рурален развој (ИПАРД III) (2021-2027 година) и Годишното ревизорско мислење за 2023 година, за Годишна акциска програма/план Акција 4 „ЕУ за модерни системи за отпадни води“ за 2022 година во рамките на ИПА III, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Извештајот од извршениот надзор на материјално - финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, за периодот јануари - декември 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на компензационите фондови од странска помош, со прилог извештаи за 2022 година, усвоени од Комисијата за менаџмент со компензационите фондови, на седницата, одржана на 25 декември 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на активности во врска со склучувањето на анекс на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Мост Карпош“, бр. 09-7413/1 од 8 јули 2021 година, согласно Извадок од Нацрт-записникот од Двесте и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 декември 2023 година и статус на активности во врска со реализација на Проектот, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2023 година, за периодот јули – декември 2023 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по етничка определба, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во период од 1 јануари до 31 март 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Clever Ferret 2024", во Република Италија.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дваесеттиот поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 28 ноември 2024 година, преку видеоконференциска врска, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Линдита Шакири, раководител на секторот за ЕУ во Министерството за животна средина и просторно планирање, за копретседавач на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во соработка со Министерството за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да биде доставена до Европската комисија преку Министерството за европски прашања, најдоцна до 18 ноември 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, веднаш да ги достави до службите на Европската комисија, најдоцна до 18 ноември 2024 година.

**Точка 71**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на

подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 16 октомври 2024 година до 22 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 72**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 16 октомври 2024 година до 22 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка за „Одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси", ја усвои Информацијата и даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2025, 2026 и 2027 година на Министерството за јавна администрација, за набавка за одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Партнерство за безбедност и одбрана помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Партнерство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Партнерство за безбедност и одбрана помеѓу Европската Унија - Република Северна Македонија.

2. Се овластува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, да го потпише усогласениот текст на Партнерство за безбедност и одбрана помеѓу Европската Унија – Република Северна Македонија.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење без надомест на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи и условно ја донесе Одлуката, доколку Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно мислење по истата.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум на разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт на Република Србија во областа на спортот, со усогласен текст на Меморандум (усогласени со Секретаријатот за законодавство) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот на разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт на Република Србија во областа на спортот.

2. Се овластува Борко Ристовски, министер за спорт да го потпише Меморандумот на разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт на Република Србија во областа на спортот.

## Точка 77

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија, во деловната просторија во казино Фламинго - Охрид кој се наоѓа на ул. „Наум Охридски“ бр.10А Охрид.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:50 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |